**прегледен труд**
**УДК: 323.1(=163.3)(560)"186/187"**
**316.344.42(=163.3)(560)"186/187"**

# АКТИВНОСТИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСТВОТО И ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА ЦРКОВЕН И ПРОСВЕТНО-КУЛТУРЕН ПЛАН (ПРЕД И ПО БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС)

**Силвана Сидоровска-Чуповска**
*Институт за национална историја*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Key words:** Macedonia, citizenship, intelligentsia, parish educational councils, cities, education, culture, companies

**Summary:** In the 1860s and 1870s the Macedonian middle class and the parish education councils in the almost all Macedonian town and bigger villages refused obedience to the Patriarchate of the Constantinople and the archpriests in Macedonia. This included rejection to pay the church taxes to the Patriarchate and its bishops and to mention the name of the Patriarch as well as names of the bishops of the eparchies. In a great number of the Macedonian towns and bigger villages the nationally conscious middle class, intelligentsia and rich villagers took control of the existing parishes.
With the early 80s of the 19$^{th}$ century will appear new forms of the movement against denationalization policy of the neighboring states.

**Клучни зборови:** Македонија, граѓанство, интелигенција, црковно-училишни општини, градови, образование, култура, друштва

**Резиме:** Во периодот на 60-тите и 70-тите години на 19 век македонската средна класа и црковно-училишните op[tini во речиси сите македонски градови и во поголемите села одбиле да се покорат на Цариградската Патријаршија и грчките митрополити во Македонија. Ова значело и одбивање да ги платат црковните такси кон Патријаршијата и нејзините епископи и да го спомнуваат името на патријархот, како и на имињата на епископите во епархиите. Во голем дел од македонските градови и поголемите села национално свесната средна класа, интелигенцијата и богатите селани ја презеле контролата над постоечките епархии. Од раните 80-ти години на 19 век се појавуват нови форми на движење против денацонализаторската политика на соседните држави.

Општествено-економски промени во Османлиската Империја во периодот 30-тите до 70-тите години на 19 век позитивно влијаеле врз појавата и јакнењето на македонското занаечиско-еснафско и трговско граѓанство. Економски доволно силни дел од нив се обединиле во превземењето на раководството на просветено-културен и црковен план, што се наоѓало во рацете на грчките владици и грцизираните Македонци. Македонско граѓанство започнало со изградба на свои училишта и цркви по градовите и поголемите селски населби формирајќи на таков начин нови македонски црковно-училишни општини.

Во рамките на црковно-училишните општини покрај училиштата во кои се одвивала наставата на македонски народ јазик се поактивно било и движењето за словенска богослужба и против Цариградската патријаршија.

На овој план првите поцелосно формулирани барања за „народна, словенска (македонска) еманципација биле направени по Кримската војна, наоѓајќи „израз во т.н. унијатско движење" (Пловдивски, 1952: 84). Унијатството давало можност, за добивање на политичка поткрепа од западноевропските држави во задоволување на народните барања изразено преку тактичкиот маневар ‡ склучување унија со Римокатоличката црква. За ваквата тенденција еден католички мисионер забележал: „Луѓето во Македонија го сметаат католицизмот повеќе како средство за емаципација од ропството на грчката Патријаршија и како поткрепа за реализација на најголемите аспирации, отколку котва за духовен спас" (Поплазаров, 1981: 72).

Пример за демонстративно отфрлање на духовната власт на Царигардската патријаршија претставува обидот за премин во унија од 1859 година во градот Кукуш. Со поставувањето на Партениј за епископ, кон крајот на 1859 година истапиле и охриѓани, барајќи од Патријаршијата на испразнетото владичко место и именуваниот грк Мелетиј во епархијата да се постави владика од словенско потекло (Радивоев, 1912: 96). Со премин во унија набргу настапиле и жителите на Воден (Димевски,1965:39) и Енице-Вардар (Трајановски, 1980: 188). Во овој период слични манифестации имало и во: Битола, Велес, Неврокоп и други градови во Македонија.

Во Прилеп црковното движење против пелагонискиот митрополит Венедикт започнало кон средината на 60-тите години, раководено од младото занаечиско-еснафско и трговско граѓанство. На 25 март 1869 година, прилепската црковно-училишна општина на општо народно собрание официјалано ги прекинала сите врски со Патријаршијата и се

снабдила со нов печат. Нејзиниот претседател Хаџи Поп Константин бил допуштен во меџлисот (Шалдевъ, 1916: 33-37).

Примери за отцепување на македонските црковни-училишни општини од Цариградската патријаршија кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на 19 век имало и во Штип, Ново Село (Штипско), Радовиш, Кочани, Кратово и други места. Црковното движење кулминација достигнало во 1869 и почетокот на 1870 година кога се осамостоиле и црковно-училишните општини во Неврокоп (1869), Крива Паланка (1869), Куманово (1869) и Струмица (1869). Кон крајот на 1869 година незадоволство од струмичкиот владика Јеротеј искажало и населението од Малешевијата. Незадоволните граѓани од Беровската, Пехчевската и околните селските општини, испратиле протесно писмо со 89 потписи и исто толку печати до големиот везир во кое барале замена на грчкиот владика со домашен. Слични борби за еманципација од Патријаршијата и грцизмот имало и во Тиквешијата, каде што целокупните црковно-просветни и општествени работи ги предводела Кавадаречката црковно-училишна општина. Антипатријаршиско движење постоело и во Серскиот санџак. Во селото Гајтаниново-Неврокопско, на 6 декември 1869 година во присуство на претставници од Серската епархија, била донесена одлука за отцепување од Патријаршијата. Воденската црковно-училишна општина борбата за еманципација ја завршила со почетокот на 1870 година, кога го повикала архимандритот Павел Граматиков-Божигропски од Лесновскиот манастир да застане на чело на општината. Антипатријаршиското движење бележело успех и во Охрид, Струга, Ресен, Крушево, Дебар, Кичево и во повеќе околни села, со формирање самостојни црковно-училишни општини, независни од Цариградската патријаршија (Трајановски, 1988: 193-231). По 1869 година формите на отпор против Патријаршијата продолжиле и од страна на солунското граѓанство (Димевски, 1965: 41-42).

Посочените примери за отцепување на македонските црковно-училишни општини од Цариградската патријаршија обично го објаснува патот и средствата кои биле користени за постигање на целта, отфрлање на Цариградската патријаршија и грцизмот. Вакви слични примери на отпор постоеле и во останатите градови.

Со почетокот на 80-тите години ќе се појават нови облици на активност од страна на македонското граѓанство и интелигенција главно, насочени против денационализаторската политика на соседните држави. Наоѓајќи се потиснато помеѓу политичкиот гнет на

османлиската власт и верско-националните пропаганди на соседните балкански монархии се започнало со барање на нови форми на здружување во одбрана на национална индивидуалност. Се формирале револуционерни групи и кружоци и се дејствувало преку легалните форми на отпор, односно кревање штрајкови и бунтови во училиштата, протести, мемоари, дописки во печат и друго.

Најрани форми на здружување на македонското граѓанство надвор од верските институции се пројавиле со формирање на читалишта и световни библиотеки. Како и народните училишта, читалиштата и световните библиотеки биле отворени во економски поразвиените градови: Битола, Скопје, Прилеп, Воден, Охрид, Штип, Велес, Солун, Неврокоп и други градови (Георгиевски, 1975: 90). Граѓанството активно дејствувало и со отворање на просветно-културни друштва. Првото просветно-културно друштво *Братство* било основано во Битола во 1880 година а една година подоцна било основано и читалиштето *Просвета*[1]. Читалиштето донело устав и основало драмска секција која на 12 февруари 1883 година ја прикажала комедијата „Беспаричие" од рускиот писател Тургењев, со превод на македонски народен јазик (Марица, 1883: 4). Драмската секција ја одиграла и пиесата „Цилиндер" (Марица, 1883: 4) и три комедии од Молиер „Лажно болниот", „Скаперник" и „Лагите на Скапен"[2].

Активноста на друштвото била трн во очите на приврзаниците на Егзархијата[3] и османлиската власт, која држејќи се до шеријатското право, одбила да изврши регистрација со образложение дека просветата на христијаните е исклучиво во компетенција на црквите. Бидејќи членовите на друштвото останале упорни по барање на Битолската црковно-училишна општина, османлиската власт ја

[1] Во Битола во 1860 година било оворено и првото читалиште во Македонија. Читалиштето се прекини работело до 1878 година, за да биде повторно отворено во 1881 година.

[2] Комедиите на македонски јазик (битолско наречје), по барање на битолското граѓанство биле преведени од Коста Косму наставник во Битолската гимназија. Овој настан предизвикало незадоволство од страна на Бугарската егзархија и особено од романското министерство за надворешни работи. Од романска страна му бил даден совет да се зафати со преведување на драмски текстови на влашки јазик. Косма ја прифатил сугестијата и на влашки ја превел пиесата „Лагите на Скапен".

[3] Битолската црковно-училишна општина на чело со поп Ставре по настојувањето на Егзархијата се спротиставила против употребата на македонскиот јазик (битолско наречје) во прикажувањето на пиесите. На ваквата реакција друштвото преку својот секретар, учителот Харитон Попов, побарало од црковно-училишната општина да не се меша во неговата работа, бидејќи не било во состав на општината.

забранила понатамошната дејност на друштвото и со тоа престанала работата на драмската секција (Димевски, 1977: 185).

На овој план активно било и македонското граѓанство во Солун со формирање друштво. Друштвото го добило името *Христијанско добротворно друштво* и требало да помага во отворањето на народни училишта во градот и околијата, да води грижа за обезбедување на училиштата со учители, учебници и учебни помагала и друго. Во обезбедување на својот опстанок Друштвото се солидализирало со наредбите на вилаетската власт, во училиштата да се назначуваат за учители ‡ османлиски поданици и да се набавуваат учебници печатени на територијата на Османлиската Империја, одобрени од „меариф-комисионот“ (Димевски, 1977: 186).

Христијанското добротворно друштво превзело повеќе акции од кои најпозната е акцијата за отворање печатница „во која би се печателе учебници за македонските училишта на мајчин јазик“, испраќајќи барање до Учителскиот совет на егзархиската машка гимназија во Солун[4]. Друштвото побарало посредство и од шефот на католичката лазаристичка мисија во Солун Августо Бонети, истовремено превземајќи и чекори за пишување македонски учебници (Димевски, 1977: 186). Друштвото да ја избегне будноста на егзархиската општина и подозривоста на османлиската власт, го ангажирала мисионерот Самуил А. Нахимијас да замине во Виена и да набави печатница. Мисијата завршила без успех и друштвото престанало да постои, но отпорот против големобугарската црковна и просветна политика продолжил манифестиран преку акциите на напредното учителство и учениците во повисоките класови на Солунската машка гимназија.

Чекори за изнаоѓање нови форми во раководењето со општествениот и просветно-културниот живот биле превземени и од граѓаните и интелигенцијата во третиот вилаетски центар Скопје. Акции на овој план, скопското граѓанство и интелигенција пројавило уште во време на руско-османлиската војна кога било основано просветното друштво *Развитие*. Војната и османлискиот став кон христијанското население накратко ја прекинало неговата дејност. По Берлинскиот конгрес, поточно на 21 март (ст.стил), активноста

[4] Учителскиот совет на гимназијата со мнозинство гласови се солидализирал со барањето на друштвото и од своја страна поднел барање до Бугарската егзархија во Цариград за отворање печатница во Солун. Барањето било одбиено со образложение дека станува збор за „јазичен сепаратизам, толку погубен за единството на бугарскиот народ во толку критични моменти за него“.

продолжила со донесувањето на Устав на Друштвото *Развитие*. Во уводниот дел на Уставот биле дадени целите на Друштвото: 1) да се поттикне народната просвета за културно-просветно издигнување на народните маси; 2) да се негуваат добрите обичаи и да се чува традицијата преку посебни форми на дејност - создавање фолклорни и драмски секции, секција за љубителите на природата, литературна секција и друго; 3) да се чуваат православните традиции и обичаи од посегнувањата на разни верски и други пропаганди; 4) да се помагаат бедните ученици со учебници и други учебни помагала, а во училиштата да се назначуваат месни учители, османлиски поданици. За постигнување на посочените цели друштвото сметало на „даренија" од граѓанството, кои ќе се собирале еднократно секоја година на патрониот празник посветен на светите: Седмочисленици, Кирил и Методиј, Климент, Наум, Ангелар и Сава (Зорница, 1880: 90). Друштвото набруго успеало да отвори и градско читалиште (Зорница, 1882: 23).

Во весникот „Зорница" од 17 јуни 1880 година во врска со работењето на друштвото е забележано: „Во градот повторно почна со работа училишното друштво *Развитие* кое постоело пред пет години. Друштвото е управувано од свој Устав во кое е истакната неговата цел, средства, управување, членови, собранија и други должности". Како понатамошна цел во својата работа, Друштвото требало: а) да обезбеди едно од градските училишта со една учителка; б) да отвора женски друштва; в) да отвори едно основно училиште за воспитување на женските деца; г) отвореното женско училиште да го снабди со поребните работи и д) учениците да ги обезбеди со потребните училишни помагала.

Во работата на Друштвото имало разединување меѓу членовите т.н. „стари" и „млади". За разлика од „старите", кои биле поддржувачи на Бугарската егзархија, „младите", се залагале за политичка и културна автономија на Македонија, согласно членот 23 од Берлинскиот договор, барајќи и покровителство од австро-унгарската диломатија (Димевски, 1977: 191). Одлука донесена со резолуција на годишното собрание на 27 јануари 1885 година, ја предизвикало Бугарската егзархија и руската дипломатија во Османлиската Империја. Како одговор, Егзархијата веднаш упатила остро писмо до Друштвото, во кое го предупредувала дека со таковиот чекор и се нанесувало штета на Империјата од една страна, и се навредувала Русија, единствената пријателка на „бугарскиот народ во Македонија". Руската дипломатија реагирала со издавање наредба до косовскиот

валија за затворање на друштвото. По овој чекор на руската дипломатија веднаш биле уапсени тројца гимназиски учители, иницијатори за испраќање на резолуцијата.

Забележителен успех на просветно-културно поле македонското граѓанство и интелегенцијата се пројавило и во другите градови на Македонија. Во учебната 1886-1887 година, Прилепската црковно-училишна општина свикала собрание на кое било донесена одлука за распишање на добротворна акција за издршка на учителите, назначувани од општината, организирање на културно-забавниот живот во Прилеп и други активности. Наскоро во градот бил поставен училишен хор. Отворено било ново неделно училиште, при месното читалиште, кое имало два класа за неписмени и полуписмени граѓани. [колската библиотека и градското читалиште ги збогатило своите фондови со книги од сите книжевни области. Користејќи ја настанатата ситуација од страна на неколку напредни учители било свикано народното собрание на 10 септември 1887 година, на кое учителот Атанас Бадев поднел реферат со наслов: „*Значењето на театрите во националното и културното издигнување на народот*“. Набргу бил основан и општински театар, за чие раководење училишното настојателство го назначил учителот А. Бадев за управник. На неговата сцена до 1903 година биле изведувани комедиите: „По неволја доктор“, „Рајна кнегиња”, потоа пиестите: „Невенка и Светислав“, „Смртта на Потемкин“ и „Црвените панталони”, „Вера, Недеж и Љубов“ и „Семејството на претставникот” (Димевски, 1972: 209-210).

Споменатите активности со отворање на читалишта, друштва, драмски секции, изведување на драмски текстови и пиеси на македонски народен јазик биле јасен показател дека народносно осознаената интелигенција и граѓанство и покрај големите притисоци и успевало да дејствува против пропагандите и османлинската власт. Активностите на просветно-културен план ќе биле поуспешни ако со почетокот на 20 век, дел од македонската интелигенција, обично учителска, од политички и економски причини не започнала да ја напушта земјата и да заминува најмногу во соседните земји, продолжувајќи да дејствува со формирање на македонски асоцијации и институции.

**Литература:**

Георгиевски, Михајло. 1975. *Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912 година*. Мисла: Скопје.

Димевски, Славко. 1965. *Просветните прилики во Македонија во втората половина на XIX век* (елаборат). Архив на ИНИ. Скопје.

Димевски, Славко. 1972. Прилог за основањето и дејноста на Прилепскиот театар во минатото. *Стремеж*. XVII. 3. Прилеп.

Димевски, Славко. 1977. Некои форми на здружување на македонското граѓанство и интелигенција во 80-те години од XIX век. *Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања*. III. 1. Скопје. 363-365.

*Зорница*. V. 25. Цариградъ. 17. VI 1880. 90.

*Зорница*. VI. 2. Цариградъ. 12. I 1882. 23.

Пловдивски, Кирил. 1952. *Натанаил Митрополит Охридски и Половдивски (1820-1906)*. София.

Поплазаров, Ристо. 1981. Отпорот на македонските преродбеници против грчката и бугарската просветна и духовна доминација во втората половина на XIX век (до 1884), *Современост*. 8-9. Скопје.

Радивоев, М. 1912. *Време и живот на търновския митрополит Иларион (Макариополски)*. София.

*Марица*, VI. 468, Пловдивъ, 1. III 1883 г., l.4.

*Марица*, VI. 493, Пловдивъ, 5. XII 1883 г., l.4.

Матковски, Александар. 1992. *Македонија во делата на странските патеписци 1827-1849*. Мисла: Скопје.

Трајановски, Александар. 1980. *Црковно-училишните општини во Македонија*. Институт за национална историја: Скопје.

Трайчев, Георги. 1925. *Град Прилѣп*. София.

Шалдевъ, Христо. 1916. *Градъ Прилѣп в българското възраждане (1838-1878)*, София.